МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Февруари 2015
БРОЈ 162

## Во март ќе бидат познати првите грантисти на Цивика мобилитас

Заврши проверката на административна усогласеност и подобност за пријавите за институционални грантови од програмата Цивика мобилитас. Пријавените организации се од сите осум плански региони и се активни во најголем дел од стратешките сектори на програмата.

Меѓу нив има организации активни на локално, регионално, национално и на меѓународно ниво, а во поглед на искуството, тоа се движи од над 20 години до организации кои се основале минатата година.

Се очекува одлуката на Комитетот за избор на грантови да биде донесена во првата половина на март, по што ќе бидат известени и пријавените организации.

Првиот повик на Цивика мобилитас за институционални грантови побуди голем интерес кај граѓанските организации. На информативните сесии учествуваа 350 организации, над 200 организации се регистрираа за самооценка, а беа поднесени 210 пријави.

## Покана за форум за јавни политики „Следење и анализа на заканите од корупција и организиран криминал“

На 19 март 2015 година (четврток) со почеток од 11 часот во хотелот Холидеј Ин во Скопје МЦМС ќе организира форум за јавни политики под насловот „Следење и анализа на заканите од корупција и организиран криминал“.

На форумот ќе биде презентиран Извештајот за следење на заканите од корупција и организиран криминал, како и три пократки документи за јавни политики посветени на студии на случај.

Извештајот ќе го презентираат Тодор Јаламов, Експерт, ЦИД и Емилија Туџаровска-Ѓорѓиевска, Проект координатор, МЦМС. Документите за јавни политики ќе ги презентира Миша Поповиќ, истражувач.

## Следење на корупцијата и организираниот криминал - документи за јавна политика

Три аспекти од следењето на корупцијата и организираниот криминал презентирани во документ за јавна политика беа промовирани на 16 февруари 2015 година во Скопје.



*Од презентацијата на првиот дел од Документите за јавни политики*

Првиот ја анализира слободата на независното известување, состојбата со истражувачкото новинарство, како и соработката на граѓанските организации со медиумите во следењето и информирањето за корупцијата и организираниот криминал. Во документот се констатира потребата од јакнење на капацитетите на независното и истражувачко новинарство како и на капацитетите на новинарите и граѓанските организации. Потребни им се соодветни алатки, вештини и техники за користење на информациите од јавен карактер, јакнење на новинарските стандарди за известување, подобрување на етичките стандарди, практикување на етичкото истражувачко новинарство и активна улога на Советот за етика.

Вториот документ дава преглед на глобалните и регионалните мерки за следење и процена на заканите од организиран криминал. Во овој дел се анализира Извештајот за процена за закани од сериозен и организиран криминал (SOCTA), како и неговата методологија.

На овој начин се проценуваат слабостите и можностите за криминал, специфични за одредени региони и земји-членки на ЕУ, со цел да се понуди алатка и за земјите-кандидати членки на ЕУ, како што е Р. Македонија. Авторите сметаат дека ваквите извештаи им овозможуваат на владите да обезбедат поефективна заштита за државата и за нејзините граѓани од последиците од сериозниот и организираниот криминал. Институционализирањето на постапките за собирање, процена и објавување на информациите може да биде ефективна алатка за справување со организираниот криминал. Дополнително, процените треба да бидат дел од заеднички заложби меѓу различни чинители, а не само на органите за спроведување на законот.

Третиот документ за јавна политика дава преглед на дефиницијата за поврзаноста на корупцијата и организираниот криминал. Во овој дел се анализираат неколку клучни аспекти како што се: корупцијата во судството и организираниот криминал, политичката корупција во судството и организираниот криминал, полициската корупција и организираниот криминал итн. Покрај потребата од оценка на влијанието на антикорупциските политики, авторите констатираат и потреба за подобрување на соработката и споделувањето информации поврзани со корупција, поголем број на обуки и подигнување на свеста меѓу јавните службеници и приватниот сектор.

Документите за јавна политика се подготвени од Емилија Туџаровска - Ѓорѓиевска од МЦМС и тим на експерти од Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) во рамки на проектот „Борба против корупција и организиран криминал – Ад АКТА. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија.

## Волонтерите и соработниците на Мировниот корпус се интересираа за програмите на МЦМС

МЦМС да ја претстави новата програма Цивика мобилитас и останатите активности пред волонтерите на Мировниот корпус кои веќе една година живеат и работат во Македонија како и пред нивните локални соработници, кои се претставници на граѓански организации, основни и средни училишта и општини. Настанот се одржа во Скопје на 13 февруари 2015 г.

Околу 60 учесници имаа можност да слушнат за програмите и проектите на МЦМС, а во изложбениот дел да постават и прашања за конкретни активности. Најголем интерес имаше за активностите на МЦМС во полето на образованието, како и за можноста за грантови во Цивика мобилитас.

Покрај МЦМС, на настанот учествуваа уште неколку меѓународни и национални организации, како Македонскиот центар за граѓанско образование, Амбасадата на САД, Програмата за развој на Обединетите нации, ТАКСО и др.

Целта на настанот беше да се информираат волонтерите и нивните домаќини и соработници за организациите, програмите и активностите во кои можат да се вклучат или за грантовите за кои можат да аплицираат.



*Шеесетина учесници се информираа за Цивика мобилитас и другите програми на МЦМС*

## Промовиран Регионалниот извештај за антикорупција

На 30.1.2015 во Скопје, вршителот на должност амбасадор на САД во Македонија Бартон Патни и раководителот за соработка во Делегацијата на Европската Унија, Мартин Клауке, го отворија промотивниот настан на кој беше презентиран „Регионалниот извештај за антикорупција: Проценка на корупцијата и антикорупцијата во Југоисточна Европа". Извештајот е дел од проектот Регионална платформа за борба против корупцијата, поддржан од ЕУ.

Извештајот презентира податоци од истражувањето направено во девет земји и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Македонија, Србија, Турција, Хрватска и Црна Гора, а го подготви иницијативата СЕЛДИ (Лидерство за развој и интегритет во Југоисточна Европа) чија членка е и МЦМС.

Извештајот го презентираше Даниела Минева, истражувач во Центарот за изучување на демократијата, Бугарија, а Мунир Подумљак, извршен директор на Партнерство за општествен развој од Хрватска зборуваше за нивните искуствата.

Според истражувањето, вклученоста на службените лица во корупливни трансакции во ЈИЕ е многу висока што покажува дека административната корупција е масовен феномен. Корупливниот притисок од функционерите е главниот фактор што статистички влијае врз нивото на вклученост. Повеќето од земјите каде и вклученоста и притисокот се високи исто така се карактеризираат и со ниска отпорност на корупливниот притисок.

Во однос на приоритетите во политиката, направени се две значајни промени во пристапот кон антикорупцијата, промена на фокусот од ситна корупција кон крупна и криминализација на поширока лепеза на злоупотреби на јавната служба. Заеднички недостаток на сите девет земји од СЕЛДИ е компромитираната автономија на различните тела за надзор и спроведување на законите.

За Извештајот е применет систем за процена и на корупцијата и на антикорупцијата, прилагоден на социјалното и институционалното опкружување на ЈИЕ и пристапот за виктимизација базиран на истражување што го применува Системот за следење на корупцијата. Процената се однесува на периодот 2013-2014.

# Преку новите медиуми до подобра презентација во јавноста

Претставници на седум граѓански организации учествуваа на работилницата „Односи со јавноста и социјални медиуми за граѓански организации", што ја организираше македонската канцеларија на проектот ТАКСО, а ја спроведе МЦМС во периодот од 23 до 26 февруари 2015 година во Маврово.

Речиси сите присутни граѓански организации биле опфатени со претходните планови за јакнење на капацитетите што ги организирала ТАКСО. Затоа, на почетокот беше направен преглед и оценка на спроведувањето на комуникациските стратегии. Организациите презентираа дел од своите добри практики во односите со јавноста, па заедно со обучувачите и колегите од другите организации дискутираа за предизвиците при спроведувањето и за можностите за подобрување.

Во вториот дел од обуката учесниците имаа можност да ги подобрат своите знаења и вештини во користењето на новите медиуми. Се зборуваше за веб страните како основа на која се надградуваат другите медиуми, за тоа како треба да изгледаат текстовите создадени за на веб, а како оние кои се поставуваат на социјалните мрежи. Учесниците разговараа за интегрираното објавување и за кампањите кои можат да се водат на социјалните мрежи. Беше укажано на тоа како треба да изгледа добро структурирана веб страна и за што треба да се води сметка кога се планира.

Учесниците ги споделија своите искуства и поразговараа за тоа што може да се подобри во нивната презентација. Благодарение на интерактивноста на работилницата, учесниците имаа можност преку вежби да практикуваат дел од содржините за кои се разговараше. Тие креираат текст за веб страна, го прилагодија за употреба на социјалните мрежи и подготвија план за кампања за одбрана активност.



*Граѓанските организации имаат што да и кажат на јавноста*

На работилницата присуствуваа претставници од Институтот за човекови права, Здружението СОЛЕМ, Здружението на преведувачи, Локалната агенција за развој од Струга, Бизнис конфедерацијата на Македонија, Првата детска амбасада на светот „Меѓаши", Институтот за европски политики и Асоцијацијата Иницијатива за социјална промена ИнСоК.

Работилницата ја водеа Гонце Јаковлеска и Борис Ристовски од МЦМС кој од октомври 2014 година е ресурсен центар на ТАКСО.

# Претставниците на јавната администрација се обучуваа за корупција и организиран криминал

На 17 февруари 2015 година, во Скопје, МЦМС ја организираше еднодневната обука „Поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата". Обуката им беше наменета на претставниците на јавната администрација кои меѓу другото, се одговорни за легислативите за антикорупција и организиран криминал во рамки на државните институции. Предавачи беа Руслан Стефанов и Тодор Јаламов од Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија.

За време на обуката, учесниците имаа можност да слушнат повеќе за искуствата и механизмите за следење на корупцијата и организираниот криминал во Бугарија и регионот, како и да развијат дискусија за применливоста на таквите механизми во Македонија. На обуката беа презентирани искуства поврзани со корупцијата и анти-корупцијата во Бугарија и Југоисточна Европа, како и оценка на анти-корупцијата и организираниот криминал во Европа. Покрај бројките од истражувањата на оваа тема беа презентирани и европските искуства во врска со следењето на корупцијата и организираниот криминал и зголемувањето на ефикасноста во преземањето на соодветни мерки и инструменти во земјата.

Претставниците на државната администрација зборуваа за работата на државните институции во сузбивање на корупцијата и организираниот криминал. Се зборуваше и за потребата од подетално разбирање на корупцијата како услов за ефикасна борба против неа и организираниот криминал, како и за потребата од дополнителни обуки за државните институции за подигање на свеста за детектирање на различни облици на корупција и организиран криминал.

Обучувачите им посочија на претставниците корисни извори на информации кои можат да се користат во нивната секојдневна работа, меѓу кои и последниот Извештај за проценка на корупцијата во Македонија, како и Регионалниот извештај за антикорупција: проценка на корупцијата и антикорупцијата во Југоисточна Европа. Учесниците посебно се интересираа за алатките за откривање на корупцијата и техниките кои се користеле во Бугарија и нивната применливост во Македонија. Меѓу најинтересните теми за нив беше и постапката за истрага на имотната состојба и имотните листови на државните функционери, како и компаративната анализа на законските решенија за сузбивање на корупција во државите од регионот.

Обуката е дел од проектот „Борба против корупција и организиран криминал-Ад АКТА" што го спроведува МЦМС во соработка со ЦИД од Бугарија. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија.